**И З В Е Ш Т А Ј**
**од контролниот надзор врз програмскиот сервис на**
**Трговско радиодифузно друштво ТВ ЧЕГРАНИ-МЕДИА ДООЕЛ с.Чегране-Гостивар,**
**емитуван на 20 јануари 2015 година**

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: | 26. 01. 2015 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 601 | 1 | |


***Предмет на надзорот:***

- **Член 98 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (рекламирањето и телешопингот треба да бидат јасно препознатливи и одвоени од другите делови на програмата со оптички и/или звучни средства или со просторни средства)

*На 15.12.2014 година, за непочитување на член 98 став 1 од Законот, констатирано со редовниот надзор на програмскиот сервис емитуван на 1 ноември 2014 година, директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги донесе решение за изрекување мерка – опомена на Трговско радиодифузно друштво ТВ ЧЕГРАНИ-МЕДИА ДООЕЛ с.Чегране-Гостивар.*

*Со изречената мерка му наложи на радиодифузерот, во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.*

***Констатации:***

Со контролниот надзор на програмскиот сервис на Трговско радиодифузно друштво ТВ ЧЕГРАНИ-МЕДИА ДООЕЛ с.Чегране-Гостивар, емитуван на 20 јануари 2015 година, е утврдено дека субјектот на надзорот (радиодифузерот), **во целост постапил по решението**, односно ја отстранил извршената повреда на член 98 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

*Датум на извршување на програмскиот надзор:*
*26.01.2015 година*